Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-28/3
17.7.2025, Скопје

За потребите на програмата „Пристап до правда за сите – Годишна работна програма 2025", финансирана од Европската Унија во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми 2023, врз основа на Договорот за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права бр. IPA III/2024/460-717 од 25.11.2024 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), програмскиот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 5/2025
за набавка на услуги за спроведување на телефонска анкета за пристапот до правда на граѓаните

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на програмата „Пристап до правда за сите – Годишна работна програма 2025" (финансиран од ЕУ, во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми 2023) има потреба од **набавка на услуги за спроведување на телефонска анкета за истражување на јавното мислење и перцепциите на граѓаните во однос на пристапот до правда во Република Северна Македонија,** која ќе биде неопходна за успешно реализирање на програмските активности.

2. Опис на услугите:
   - Изготвување на прашања за анкетата (во договор со потребите и идеите на нарачателот);
   - Спроведување на телефонска анкета со репрезентативен примерок од минимум 1000 граѓани на територија на РСМ; и
   - Изготвување на анализа за презентација и обработка на добиените резултати од анкетата.

   Подетален опис на услугите се дадени во проектната задача 5/2025 која е дел од оваа покана.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Услугата треба да се испорача во период од август до октомври 2025 година.

4. ИЧП ќе склучи договори со избраниот добавувач за реализација на услугите наведени во проектната задача.

5. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

   Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:
   - Портфолио со претходни истражувања; и
   - CV на главниот истражувач.

6. Изборот на добавувачот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понуда е следната:

Квалитативна евалуација	**Максимум можни бодови**
Примери на претходно изработени анкети	max 20
Искуство на главниот истражувач	max 20
Вкупно бодови	**40**
Финансиска евалуација	**Максимум можни бодови**
Цена	max 60
Вкупно бодови	**60**
Финална евалуација	**Максимум можни бодови**
Просечна оценка за квалитативна евалуација	40
Просечна оценка за финансиска евалуација	60
Вкупна оценка	**100**

7. Услови и начин на плаќање

Програмата е ослободен од ДДВ, а добавувачот ќе добие соодветни документи за изработка на фактурата. Плаќањето ќе биде извршено на две рати, во рок од 30 дена по доставување на фактурата.

8. Набавката е неделива.

9. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: marija.chekredji@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **30.7.2025 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса marija.chekredji@ihr.org.mk најдоцна до **28.7.2025 година**.

Здружение граѓани Институт за човекови права Скопје

Марија Чекреџи,
Институт за човекови права